# Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 4
КЛУЧНИ НАОДИ ..... 5
БРОЈ НА РАДИОДИФУЗЕРИ ..... 9
МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА ..... 12
ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ..... 18
ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС ..... 27
ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ..... 33
ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 41
РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО ..... 47
РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ..... 52
РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 57

ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ ..... 62
ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ ..... 63

# ВОВЕД

Целта на оваа анализа е да се обезбедат сеопфатни сознанија за економските перформанси на радиодифузерите во 2024 година, за да може подобро да се разберат економските услови во кои тие работат, предизвиците со кои се соочуваат и потенцијалот за понатамошен развој на индустријата.

Анализата опфаќа повеќе аспекти на економското работење на радиодифузерите – вкупните приходи и нивната структура, вкупните трошоци и нивната распределба, финансискиот резултат од работењето и просечниот број вработени во редовен работен однос во анализираната година. Покрај тоа, овие податоци се анализирани за период од шест години (од 2019 година наваму), што овозможува да се следат долгорочните промени на пазарот, но и влијанието на одредени општествени и економски случувања врз работењето на медиумите (економската криза предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид-19, глобалната енергетска криза која сериозно ја погоди македонската економија, изборните циклуси, инфлацијата и друго).

Во фокусот на анализата се три клучни сегменти – јавниот радиодифузен сервис, комерцијалните телевизии и комерцијалните радиостаници. Во рамки на комерцијалниот сектор засебно се анализирани податоците за радиодифузерите во рамки на релевантниот пазар на кој тие припаѓаат, согласно „Насоките за дефинирање релевантен пазар“ утврдени од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Податоците што се користени во оваа анализа, во Агенцијата ги доставија радиодифузерите врз основа на нивната обврска од членот 15 од Законот за медиуми, а валидноста на податоците беше дополнително проверена со податоците од завршните сметки. За работењето на јавниот радиодифузен сервис беа користени годишните извештаи на Македонската радио-телевизија.

# КЛУЧНИ НАОДИ

Табела 1: Клучни трендови

| | Број на субјекти | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работење | Просечен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во милиони денари | | | | |
| **Македонска радио-телевизија** | | **1.365,55** | **34,04** | **1.266,52** | **87,81** | **630** |
| **Комерцијални телевизии** | **36**[1] | **1.607,39** | **1.519,38** | **1.503,13** | **89,96** | **887** |
| ТВ на државно ниво - терестријални | 5 | 1.316,60 | 1.250,78 | 1.193,04 | 112,4 | 585 |
| ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс | 5 | 142,27 | 135,90 | 181,21 | -39,82 | 177 |
| ТВ на регионално ниво | 13 | 102,65 | 88,29 | 95,82 | 5,19 | 82 |
| ТВ на локално ниво | 13 | 45,87 | 44,41 | 33,06 | 12,19 | 43 |
| **Комерцијални радиостаници** | **53**[2] | **246.27** | **193.35** | **224.47** | **21.76** | **186** |
| РА на државно ниво | 4 | 112,46 | 83,83 | 96,18 | 14.53 | 57 |
| РА на регионално ниво | 14 | 85,03 | 72,29 | 77,46 | 6.08 | 60 |
| РА на локално ниво | 35 | 48,78 | 37,23 | 50,83 | 1.15 | 69 |
| **Вкупно** | | **3.219,21** | **1.746,77** | **2.994,12** | **199,53** | **1703** |

- На 1.1.2024 година дозвола да емитуваат програма имаа вкупно 103 радиодифузери (40 телевизии и 63 радиостаници). Во текот на годината не беше доделена ниту една

[1] Во анализираната година програма емитуваше уште една телевизија - ТВ Клан, која имаше дозвола за емитување на државно ниво преку неограничен ресурс. Агенцијата не располага со податоци за економското работење на оваа телевизија поради тоа што во периодот кога се прибираа податоците беше одземена дозволата за емитување. Одлуката за одземање на дозволата на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ (УП 1 08-133 од 174.2025 година) е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-телевизиско-емитување-на-ТРД-КЛАН-МАЦЕДОНИА-Скопје.pdf (пристапено на 11.7.2025 година).

[2]Во текот на 2024 година програма емитуваше и УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - непрофитната радиостаница наменета за студентите на подрачјето на општина Штип. Во април 2025 година ова радио престана да емитува програма поради што дозволата престана да важи по сила на закон, по што беше избришано од регистарот на радиодифузери со Решение УП 08-132 од 17.04.2025 година, достапно на следниот линк: Решение-за-бришење-од-регистарот-на-радиодифузери-за-Непрофитна-радиодифузна-установа-Универзитетско-радио-УГД-Штип.pdf (пристапено на 11.7.2025 година).

дозвола за емитување телевизиска или радиопрограма, а престанаа да важат дозволите на вкупно 11 радиодифузери (три телевизии и осум радиостаници). На крајот на годината бројот на радиодифузери изнесуваше 92, од кои 37 телевизии и 55 радиостаници.

- Во 2024 година вкупните приходи на МРТ беа значително повисоки отколку во претходните години. Зголемувањето се должи на целосната исплата на законски предвидените средства од државниот буџет, со што се надмина еден од најсериозните проблеми со кој повеќе години се соочуваше јавниот радиодифузен сервис. Во однос на 2023 година, приходите беа повисоки за 36,49 %. Најголем дел од вкупните трошоци на МРТ биле за плати и други надоместоци за вработените лица (589,57 милиони денари) и за програмски права (445,17 милиони денари). Во 2024 година бројот на вработени се намалил за 31 лице, со што уште повеќе се продлабочува проблемот со кадровскиот дефицит на МРТ.

- Анализата на податоците за економското работење на комерцијалните телевизии, на прв поглед, покажува подобрување – остварени се повисоки вкупни приходи отколку во претходната година и позитивен финансиски резултат од работењето. Меѓутоа, реалната слика е поинаква, поради тоа што зголемувањето се должи исклучиво на приходите од платеното политичко рекламирање за време на парламентарните и претседателските избори, а не на економскиот развој на секторот.

  Ако од вкупните приходи се одземат приходите од платеното политичко рекламирање, зголемување на заедничките вкупни приходи во однос на претходната година има само кај терестријалните телевизии на државно ниво, и тоа за само 0,92 %, а кај сите други сегменти од телевизискиот пазар има намалување на приходите, и тоа кај телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс за 21,12 %, кај регионалните телевизии за 13,25 %, а кај локалните телевизии за 17,93 %.

Приходите од комерцијалното рекламирање што ги оствариле сите комерцијални телевизии заедно изнесувале 1.157,08 милиони денари, што е за 7,15 % повеќе отколку во претходната година. Ова зголемување е остварено само на еден релевантен пазар – терестријалните телевизии на државно ниво (Алфа, Алсат-М,

Канал 5, Сител и Телма), кои од реклами оствариле приходи за 10,05 % повисоки отколку тие во 2023 година. Помалку приходи од рекламирање оствариле телевизиите што емитуваат на државно ниво преку неограничен ресурс, регионалните и локалните телевизии. Регионалните и локалните телевизии се економски слаби и непрофитабилни, а приходите што ги остваруваат се силно зависни од платеното политичко рекламирање. Приходите што ги остваруваат од комерцијалното рекламирање се на исклучително ниско ниво во секоја од последните шест години и очигледно е дека не само што не можат да овозможат стабилно финансирање и инвестирање во квалитетни содржини туку во прашање е доведена и самата одржливост на овие медиуми.

Вкупните трошоци на комерцијалните телевизии изнесувале 1.503,13 милиони денари, и во споредба со претходната година биле повисоки за 7,33 %. Најголем дел од нив биле за плати и други надоместоци за вработените (588,99 милиони денари) и за набавка на програма (375,23 милиони денари). Сите сегменти од телевизискиот пазар најголем дел од средствата ги издвоиле за плати и други надоместоци за вработените. Трошоците на петте терестријални телевизии на државно ниво претставуваат 79,37 % од вкупните трошоци на сите 36 комерцијални телевизии. Овие пет телевизии го прикажале речиси целиот износ на трошоците за набавка на програма (361,45 милиони денари).

Просечниот број вработени лица во редовен работен однос во 36-те комерцијални телевизии изнесувал 887 лица. Најголем дел од нив (585 лица) биле вработени во петте терестријални телевизии на државно ниво.

- Вкупните приходи на пазарот на радијата изнесувале 246,27 милиони денари, а финансискиот резултат од работењето на сите радиостаници бил добивка во износ од 21,76 милиони денари. Во споредба со претходната година приходите на пазарот на радијата се повисоки за 32,76 %. За разлика од растот кај комерцијалните телевизии, растот кај комерцијалните радиостаници не е поттикнат само од приходите од платеното политичко рекламирање за време на парламентарните и претседателските избори туку и од зголемување на приходите од комерцијалното рекламирање. Повисоки приходи од комерцијалното рекламирање оствариле радиостаниците на државно ниво (за 8,93 %) и регионалните радија (за 25,69 %).

Локалните радиостаници се единствен сегмент на пазарот на радијата што остварил пониски приходи, и тоа за 3,16 %.

Вкупните трошоци на радиостаниците изнесувале 224,47 милиони денари. Трошоците на само три радиостаници (Антена 5, Канал 77 и Буба Мара) претставуваат 42,19 % од вкупните трошоци во индустријата. Во сите сегменти на радиоиндустријата биле потрошени повеќе средства отколку во претходната година. Најголем дел од трошоците (102,74 милиони денари) биле за плати и други надоместоци за вработените.

Просечниот број вработени во редовен работен однос кај радиостаниците изнесувал 186 лица, од кои 57 лица биле вработени во четирите радиостаници што емитуваат програма на државно ниво, 60 лица во 14-те регионални радиостаници и 69 лица во 35-те локални радиостаници.

# БРОЈ НА РАДИОДИФУЗЕРИ

Покрај јавниот радиодифузен сервис (кој емитува осум телевизиски[3] и четири радио програмски сервиси[4]), на почетокот на 2024 година програма емитуваа уште 103 радиодифузери (40 телевизии и 63 радиостаници).

Во текот на годината нивниот број се намали за 11 (престанаа да важат дозволите на три телевизии и осум радиостаници). Шест од нив самите се откажаа од вршење на дејноста, а на другите пет им беше одземена дозволата поради неисполнување на обврските утврдени во ЗААВМУ и Законот за медиуми.

Табела 2: Број на комерцијални телевизии

| ниво на емитување | 01.01.2024 | 31.12.2024 |
|---|---|---|
| државно преку MUX | 5 | 5 |
| државно преку неограничен ресурс | 6 | 6 |
| регионално преку MUX | 5 | 5 |
| регионално преку кабел | 10 | 8 |
| локално ниво | 14 | 13 |
| вкупно | 40 | 37 |

Локалните радиостаници РА Чоки од Прилеп, РА Зора од Делчево, РА Б-97 од Битола и РА Ррапи од Струга, локалната телевизија ТВ Канал 8 од Кочани и регионалната телевизија ТВ 3, што емитуваше во регионот Д7 кој ги опфаќа општините Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше, самите ја известија Агенцијата дека престануваат со емитување програма, по што дозволите престанаа да важат по сила на закон.

[3] МТВ 1 - програма од сите области (информативна, едукативна, документарна програма, контактни, дебатни емисии, филмови и серии и слично) на македонски јазик; МТВ 2 - програма од сите области (информативна, едукативна, документарна програма, контактни, дебатни емисии, филмови и серии и слично) на албански јазик; МТВ 3 - забавно-музичка, културна и спортска програма на македонски јазик; МТВ 4 - програма на јазиците на етничките заедници (турски, ромски, влашки, српски и бошњачки); МТВ 5 – детска програма на македонски јазик; Собраниски канал – програма за активностите на Собранието; МТВ Сат – програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти, на македонски јазик; и МТВ Сат 2 - наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти, на албански јазик.

[4] МРА 1 и МРА 2 се наменети за информативна, едукативна, документарна програма, контактни, дебатни емисии, култура, музика, спорт и друго на македонски јазик; МРА 3 емитува радиопрограма на албански јазик и на јазикот на етничките заедници; МР Сат - програма за информирање на иселениците со цел зачувување на културните и историските традиции и унапредување на врските со македонските граѓани кои живеат во дијаспората; и посебни радиопрограми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици.

Одземени им беа дозволите на локалните радиостаници РА Ускана Плус од Кичево[5], РА ПРО-ФМ[6] и РА Балкан ФМ[7], двете од Гостивар, на регионалната радиостаница РА Хит[8] од Скопје и на регионалната телевизија ТВ Канал Вис од Струмица[9].

Табела 3: Број на комерцијални и непрофитни радиостаници

| ниво на емитување | 01.01.2024 | 31.12.2024 |
|---|---|---|
| државно | 4 | 4 |
| регионално | 16 | 15 |
| локално | 43 | 36 |
| вкупно | 63 | 55 |

На крајот на годината дозвола да емитуваат програма имаа вкупно 92 радиодифизери, од кои 37 телевизии и 55 радиостаници.

Табела 4: Број на телевизии на 01.01

| ниво на емитување | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| државно преку MUX | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| државно преку неограничен ресурс | 8 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| регионално ниво | 20 | 19 | 18 | 18 | 17 | 15 |
| локално ниво | 20 | 19 | 16 | 15 | 15 | 14 |
| вкупно | 53 | 49 | 45 | 44 | 43 | 40 |

[5] Дозволата на РА Ускана – Плус од Кичево беше одземена поради тоа што радиодифузерот не го плати надоместокот за дозволата во законски определениот рок. Одлуката УП1 бр. 0802-69 од 5.3.2024 година е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-радио-емитување-на-ТДР-Радио-Ускана-Плус-ДООЕЛ-Кичево.pdf (пристапено на 14.7.2025 година).

[6] Дозволата на РА ПРО-ФМ од Гостивар беше одземена поради неисполнување на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно поради недоставување податоци за сопственичката структура и изворите на финансирање до Агенцијата. Одлуката УП1 бр.08-219 од 26.8.2024 е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозвола-ТРД-РАДИО-ПРО-ФМ-ДОО-Гостивар-за-објава-во-сл.весник.pdf (пристапено на 14.7.2025 година).

[7] Дозволата на РА Балкан ФМ од Гостивар беше одземена поради тоа што радиодифузерот не го плати надоместокот за дозволата во законски определениот рок. Одлуката УП1 бр. 08-210 од 30.7.2024 година е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозвола-ТРД-БАЛКАН-ФМ-РАДИО-ДООЕЛ-Гостивар.pdf (пристапено на 14.7.2025 година).

[8] Дозволата на РА Хит од Скопје беше одземена поради тоа што радиодифузерот не го плати надоместокот за дозволата во законски определениот рок. Одлуката УП1 бр. 0803-61 од 4.3.2024 година е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-радио-емитување-на-ТРД-Радио-ХИТ-ФМ-ДООЕЛ-Скопје.pdf (пристапено на 14.7.2025 година).

[9] Дозволата на ТВ Канал Вис беше одземена поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (член 62 став 6 од ЗААВМУ и член 21 од „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“. Одлуката УП1 бр.08-331 од 26.12.2024 година е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-телевизиско-емитување-на-ТРД-ТВ-КАНАЛ-ВИС-ДООЕЛ-Струмица.pdf (пристапено на 14.7.2025 година).

Во изминатите шест години бројот на радиодифузери во континуитет се намалувал – од вкупно 123 (53 телевизии и 70 радиостаници) во 2019 година, на 103 (40 телевизии и 63 радиостаници) во 2024 година.

Табела 5: Број на радиостаници на 01.01

| ниво на емитување | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| државно | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| регионално | 17 | 17 | 17 | 17 | 16 | 16 |
| локално | 50 | 51 | 48 | 45 | 44 | 43 |
| вкупно | 70 | 72 | 69 | 66 | 64 | 63 |

# МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

Вкупните приходи на МРТ изнесувале 1.37 милијарди денари[10], што е забележително зголемување во однос на претходните години.

Слика 1: Движење на вкупните приходи на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Во периодот од последните шест години вкупните приходи на МРТ имаат променливи вредности, со постојано намалување и зголемување од година в година. Во 2024 година вкупните приходи се за 36,49 % повисоки отколку во 2023 година.

Табела 6: Стапка на раст на вкупните приходи на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година

| | 2020/2019 | 2021/2020 | 2022/2021 | 2023/2022 | 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на раст | 8.99 % | -3.22 % | 12.79 % | -9.45 % | 36.49 % |

Зголемувањето во најголема мера се должи на средствата што во анализираната година се префрлени од државниот буџет, а наменети за финансирање на радиодифузната дејност. Во 2024 година, за првпат по речиси седум години, од државниот буџет во целост беа префрлени законски предвидените средства, со што се надмина еден од најсериозните проблеми со кој македонскиот јавен радиодифузен сервис се соочуваше повеќе години. Имено, од 2017 година (кога со законски измени беше утврдено дека место радиодифузната такса, основен извор на финансирање на МРТ ќе биде државниот буџет), па сè до 2024, во

[10] МРТ, Годишен извештај за работа на ЈРП МРТ за 2024 година, достапно на: https://mrt.com.mk/node/126405, пристапено на 26.06.2025 година

секоја година Владата префрлаше помалку средства отколку што беше утврдено со ЗААВМУ, користејќи ја одредбата од измените на Законот во 2018 година, според која пропишаните проценти од државниот буџет што треба да се издвојат за финансирање на радиодифузната дејност *„ќе се реализираат доколку со тоа не се нарушува праведната распределба на буџетските средства и не влијаат врз средствата планирани за сите буџетски расходни ставки“.* Оваа одредба беше избришана со измените на ЗААВМУ од јули 2023 година[11].

Агенцијата постојано укажуваше дека неисплатувањето на целосниот законски утврден износ претставува сериозен проблем[12], поради тоа што нужен предуслов за јавниот радиодифузен сервис да ги исполнува во целост функциите што му се доделени со законот е да се обезбеди соодветно, стабилно и предвидливо финансирање.

Измената на ЗААВМУ од јули 2023 година очигледно придонесе за надминување на ваквата состојба. Во врска со оваа законска измена, во својот годишен извештај за 2024 година[13] јавниот радиодифузен сервис посочува дека: „...*конечно доведе до едно стабилно финансирање на МРТ кое во иднина ќе придонесе за непречена реализација на планираните активности, односно ќе создаде можност тековно, годишно да се реализираат поголем дел од подолго планираните активности во врска со набавка, производство и емитување програма, како и набавка на нова опрема и реконструкција и одржување на постоечката*“.

Сепак, споредбата на вкупните приходи на Македонската радио-телевизија со приходите што во истата година ги имале јавните сервиси во Хрватска, Србија и Словенија покажува дека нашиот јавен сервис располагал со забележително помалку средства, и тоа девет пати

---

[11] со овие измени беше направена и уште една значајна измена - се предвиде дека средствата за финансирање на радиодифузната дејност ќе се обезбедуваат од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РС Македонија, наместо како дотогаш, од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, а беа направени и измени во однос на распределбата на овие средства меѓу МРТ, МРД и АВМУ, односно: за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој на МРТ, наместо 74,5 % од средствата за финансирање на радиодифузната дејност ќе се издвојуваат 80 %; за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа на МРД ќе се издвојуваат 15 % наместо 19,5 %; а за медиумскиот регулатор наместо 6 % ќе се издвојуваат 5 %

[12] АВМУ, годишни анализи на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година, достапно на: https://avmu.mk/analiza-na-pazar/, пристапено на 26.6.2025 година.

[13] 13 МРТ, Годишен извештај за работа на ЈРП МРТ за 2024 година, достапно на: https://mrt.com.mk/node/126405, пристапено на 26.6.2025 година

помалку од Хрватската радио-телевизија (HRT)[14], и по над шест пати помалку од Радио-телевизија Србија (РТС)[15] и Радио-телевизија Словенија (RTSlo)[16].

Слика 2: Вкупни приходи на јавните радиодифузни сервиси во 2024 година (во милиони евра)




Во анализираната година, на сметката на МРТ од државниот буџет се префрлени и 80 милиони денари врз основа на потпишан договор за вонсудска спогодба со Министерството за дигитална трансформација. Станува збор за дел (прва рата) од неисплатените средства за финансирање на радиодифузната дејност за 2023 година, во вкупен износ од 235,02 милиони денари.

Табела 7: Структура на вкупните приходи на МРТ во 2024 година (во милиони денари)

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Средства за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ | 1,140.54 | 83.52% |
| Приход од МДТ за постигнување повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 97.00 | 7.10% |
| Приходи по основ на финансирање радиодифузна дејност - вонсудска спогодба со МДТ | 80.00 | 5.86% |
| Приходи од услуги во земјата | 2.07 | 0.15% |
| Други приходи | 11.63 | 0.85% |
| Приход од продажба на рекламно време (маркетинг) | 34.04 | 2.49% |
| Приход од продажба на програма (отстапени права) и реемитување во земјата и странство, приходи од донации и сл. | 0.30 | 0.02% |
| **ВКУПНО** | **1,365.55** | **100.00%** |

[14] ХРТ, Извештај за работењето во 2024 година/ HRT, IZVJEŠĆE O RADU I POSLOVANJU HRT-a ZA 2024. GODINU, достапно на: izvjesce-o-radu-i-poslovanju-hrt-a-za-2024-20250711120841.pdf, пристапено на 11.9.2025 година

[15] РТС, Извештај за работењето за 2024 година/ РТС, ИЗВЕШТАЈ О ПОСЛОВАЊУ ЗА 2024. ГОДИНУ, достапно на: Финансијски извештаји | Финансијски извештаји | РТС, пристапено на 11.9.2025 година

[16] РТВ Словенија, Годишен извештај за 2024 година, RT SLO, LETNO POROČILO 2024, достапно на: https://www.rtvslo.si/slovenija/svet-rtv-slovenija-potrdil-letno-porocilo-za-2024/737782, пристапено на 11.9.2025 година

За постигнување и одржување поголем степен на програмски и техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, согласно член 105 став 7 од ЗААВМУ, од државниот буџет се издвоени и дополнителни средства во износ од 97 милиони денари.

Учеството на приходите од рекламирање (во вкупен износ од 34,04 милиони денари) во вкупните приходи на МРТ изнесува 2,49 %.

Овој приход е остварен од продажба на времето за рекламирање при емитување позначајни спортски настани за кои МРТ ги имаше обезбедено правата за емитување – Летните олимписки игри во Париз, Лига на шампиони, УЕФА-првенства во фудбал и други програмски содржини.

Слика 3: Приходи од рекламирање на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




За реализација на планираните активности, МРТ во 2024 година потрошила вкупно 1.266,52 милиони денари, што е за 12 % повеќе отколку во претходната година. Зголемувањето најмногу се должи на повисоките трошоци за вработените (за 65,30 милиони денари) и поголемиот износ на средства што биле потрошени за програмски права (за 49,72 милиони денари).

Во последните шест години, повеќе отколку во 2024 година јавниот сервис потрошил само во 2019 година.

Најголем дел од трошоците биле за вработените, односно за бруто-платите, трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија, за регрес на годишен одмор, за јубилејни награди и сл.

Од вкупно 589,57 милиони денари трошоци за вработените, 96 % (или во апсолутен износ 564,88 милиони денари) биле за бруто-плати.

Слика 4: Движење на вкупните трошоци на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Позначаен износ на средства бил потрошен и за програмски права – 445,17 милиони денари. Од овие, 86,97 милиони денари биле наменети за откуп на права за позначајни спортски настани (Светски куп во биатлон, ЛОИ 2024 година, УЕФА Европско првенство во фудбал, македонски фудбал и квалификации за Европско првенство, ЕХФ Европско првенство во ракомет - мажи, УЕФА Лига на шампиони, УЕФА Супер куп 2024 и сл.).

Табела 8: Планирани и направени трошоци на МРТ во 2024 година (во милиони денари)

| | Планирани трошоци | Направени трошоци | учество |
|---|---|---|---|
| Трошоци за вработените | 598.50 | 589.57 | 45.75 % |
| Патни и транспортни трошоци | 12.85 | 8.58 | 0.67 % |
| Заеднички трошоци | 199.24 | 150.17 | 11.65 % |
| Програмски права | 510.35 | 445.17 | 34.55 % |
| Други трошоци од работењето | 77.90 | 73.04 | 5.67 % |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ:** | **1,398.84** | **1,266.52** | **98.29 %** |
| Набавка на опрема | 26.00 | 22.06 | 1.71 % |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **1,424.84** | **1,288.58** | **100.00 %** |

За реализација на копродукциски проекти биле потрошени 214,56 милиони денари (овие трошоци опфаќаат договори за соработка за снимање и емитување различни видови

емисии), за откуп на лиценцни права за емитување филмови, серии, детски анимирани серии и документарни емисии биле потрошени 29,26 милиони денари, а 0,50 милиони денари биле потрошени за лиценца за учество на Јуниорскиот Евросонг. За други програмски права јавниот сервис потрошил 113,87 милиони денари (за пренос на Виенскиот концерт и Евросонг 2024, лиценцирани вести од интернет, откуп на права за емитување емисии за сите програмски сервиси).

Јавниот сервис во 2024 година работел со добивка во износ од 87,81 милион денари, што е најдобар финансиски резултат остварен во последните шест години.

Во 2024 година бројот на вработени во јавниот радиодифузен сервис се намалил за 31 лице.

Само едно лице било нововработено во оваа година, и тоа на работно место стручен соработник, а престанал работниот однос на 32 лица (меѓу нив новинари, уредници, режисери, сниматели, продуценти, техничари и друго).

Во периодот од последните шест години вкупниот број вработени во МРТ се намалувал во континуитет.

Слика 5: Просечен број на вработени во МРТ во последните шест години




Во однос на 2019 година, бројот на вработени е помал за 143 лица, што укажува на тоа дека проблемот со кадровски недостиг на МРТВ сериозно се продлабочува. За споредба, во 2024 година бројот на вработени во ХРТ изнесувал 2.700 лица, во РТС 2.382 лица.

# ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Вкупните приходи што во анализираната година ги оствариле петте терестријални телевизии на државно ниво (Алфа, Алсат-М, Канал 5, Сител и Телма) изнесувале 1,32 милијарди денари, а вкупните трошоци 1,19 милијарди денари. Заедничкиот резултат од работењето бил добивка во износ од 112,40 милиони денари (сите пет телевизии оствариле добивка од работењето).

Табела 9: Приходи, трошоци и резултат од работењето во 2024 година на терестријалните телевизии на државно ниво (во милиони денари)

| | приходи | трошоци | резултат од работењето |
|---|---|---|---|
| Алфа | 135.16 | 128.82 | 4.88 |
| Алсат-М | 180.63 | 174.22 | 5.53 |
| Канал 5 | 281.83 | 277.57 | 2.81 |
| Сител | 566.37 | 460.24 | 98.76 |
| Телма | 152.61 | 152.19 | 0.42 |
| вкупно | 1,316.60 | 1,193.04 | 112.40 |

Во однос на претходната година, заедничките вкупни приходи на овие пет телевизии се повисоки за 19 %, што се должи на приходите од платеното политичко рекламирање за време на парламентарните и претседателските избори (199,48 милиони денари). Без нив, зголемувањето на вкупните приходи е незначително и изнесува само 0,92 %.

Слика 6: Движење на заедничките вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година[17] (во милиони денари)




[17] во 2019 година се одржаа претседателски избори, во 2020 година парламентарни, во 2021 година локални избори, а во 2024 година претседателски и парламентарни избори

43 % од вкупните приходи на овој релевантен пазар се приходите на Сител (во апсолутен износ од 566,37 милиони денари), а 21 % се приходите на Канал 5 (281,83 милиони денари). Останатите 36 % се приходите на Алсат М (180,63 милиони денари), Телма (152,61 милион денари) и на Алфа (135,16 милиони денари).

Слика 7: Вкупни приходи на петте терестријални телевизии на државно ниво во 2024 година (во милиони денари)




Гледано поединечно, пад на вкупните приходи во однос на претходната година има само кај Алфа (за 3 %), додека кај другите телевизии има зголемување, и тоа: кај Сител за 19 %, кај Алсат-М за 13 % и кај Телма за 33 %. Во периодот од последните шест години Алфа и Алсат-М прикажале највисоки вкупни приходи во 2021 година, додека Канал 5, Сител и Телма во 2024 година.

Слика 8: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)



95 % од вкупните приходи биле остварени од емитување реклами, и тоа 80 % од комерцијално рекламирање (1.051,30 милиони денари) и 15 % од платено политичко рекламирање (199,48 милиони денари).

Слика 9: Движење на вкупните приходи од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Во анализираната година приходите од комерцијалното рекламирање биле за 10,05 % повисоки отколку во 2023 година.

Во 2024 година за првпат биле остварени повисоки приходи од комерцијално рекламирање отколку во претпандемиската 2019 година - номиналното зголемување во однос на 2019 година изнесува 90,08 милиони денари, а стапката на раст 9,37 %. Стапката на реален раст е пониска со оглед на годишните стапки на инфлација за овој период (во 2020 инфлацијата изнесува 1,2 %, во 2021 година 3,2 %, во 2022 година 14,2 %, во 2023 година 9,4 %, а во 2024 година 3,5 %)[18]. Истовремено, вкупните трошоци на овие пет телевизии во 2024 година се за 131,57 милиони денари повисоки отколку трошоците од 2019 година, односно за 12,39 %.

Само Алсат-М остварила помалку приходи од комерцијалното рекламирање отколку во претходната година, и тоа за 10,50 %.

Кај другите телевизии имало зголемување, и тоа кај Алфа се зголемиле двојно, кај Канал 5 за 8,92 %, кај Сител за 8,39 % и кај Телма за 10,50 %.

[18] НБРМ, достапно на: https://www.nbrm.mk/, пристапено на 8.7.2025 година.

Слика 10: Приходи од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во последните шест години (во милиони денари)




При пресметувањето на уделите во вкупните приходи од рекламирање предвид се земени и приходите на јавниот радиодифузен сервис, поради тоа што во овој дел од работењето МРТВ се јавува како субјект на овој релевантен пазар.

Слика 11: Учество во приходите од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во 2024 година




Споредбената анализа покажува дека Сител имала најголем удел во гледаноста и најголем дел од рекламниот колач, а на второ место по двата аспекта била Канал 5. Иако, според гледаноста Алфа била на трето место, Алсат-М и Телма оствариле повисоки приходи од рекламирање од неа.

Слика 12: Приходи од комерцијално рекламирање




Слика 13: Удел во вкупната гледаност




Приходите што овие пет телевизии ги оствариле од емитување платено политичко рекламирање за време на парламентарните и претседателските избори што се одржаа во анализираната година изнесувале 199,48 милиони денари.

Најголем дел од овие средства биле издвоени за рекламирање на Сител (55,67 милиони денари). Канал 5 и Алсат-М оствариле приближно исти приходи (51,87, односно 51,51 милион денари), потоа следи Телма (25,77 милиони денари), а најниски се приходите на Алфа (14,65 милиони денари). Најмногу платено политичко рекламирање емитувала Канал 5 (326.864 секунди), а најмалку Телма (146.169 секунди)[19]. Разликите во времето издвоено за емитување платено политичко рекламирање и остварените приходи од платеното политичко рекламирање се должат на различните ценовници на секоја од телевизиите, во зависност од гледаноста, но и на интересот на учесниците во изборните процеси да се рекламираат на  одредена телевизија (на пример, рекламни спотови за парламентарните избори на Алфа нарачала само Коалицијата Твоја Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а за двата круга на претседателските избори само Гордана Силјановска-

[19] АВМУ, Парламентарни избори 2024 - Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите, достапно на: Извештај-за-ППР-Парламентарни-избори-2024.pdf, Претседателски избори 2024 – Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите за првиот круг од изборната кампања, достапно на: Извештај-за-ППР-Претседателски-2024-прв-круг.pdf и Претседателски избори 2024 – Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите за вториот круг од изборната кампања, достапно на: Извештај-за-ППР-Претседателски-2024-втор-круг-25-април-6-мај.pdf (пристапено на 8.7.2025 година).

Давкова)[20]. Кај другите четири телевизии платено политичко рекламирање нарачувале повеќе учесници на изборите.

Слика 14: Приходи од ППР




Слика 15: Емитувано ППР во секунди




Во табелата подолу се прикажани и податоците за вкупните приходи од реклами (со ППР) што ги оствариле терестријалните телевизии во периодот од 2019 до 2024 година.

Табела 10: Вкупни приходи од реклами во последните шест години (во милиони денари)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 122.98 | 102.10 | 48.53 | 36.79 | 42.15 | 99.26 |
| ТВ Алсат-М | 152.98 | 121.19 | 173.43 | 140.90 | 139.45 | 176.31 |
| ТВ Канал 5 | 224.23 | 188.06 | 262.12 | 227.80 | 204.75 | 274.89 |
| ТВ Сител | 443.52 | 307.99 | 410.96 | 402.50 | 464.88 | 559.56 |
| ТВ Телма | 118.73 | 102.52 | 108.24 | 104.35 | 104.06 | 140.76 |

Средствата што ги потрошиле петте телевизии во 2024 година изнесуваат 1.193,04 милиони денари, што е највисок износ на заедничките трошоци во последните шест години. Во однос на 2023 година трошоците биле повисоки за 8,12 %. Само Сител потрошила помалку стредства отколку во претходната година (за 1,26 милиони денари). Другите четири телевизии ги зголемиле трошоците, а најмногу Канал 5 (за 60,62 милиони денари).

[20] Ibid.

Слика 16: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Најмногу средства биле потрошени за плати и други надоместоци на вработените лица. За оваа намена телевизиите заедно издвоиле 34,71 милион денари повеќе отколку во 2023 година, односно овој вид трошок во 2024 година изнесувал вкупно 425,47 милиони денари.

Табела 11: Структура на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво (во милиони денари)

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 37.15 | 3.11 % |
| Трошоци за набавка на програма | 361.45 | 30.30 % |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 76.92 | 6.45 % |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 385.18 | 32.29 % |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **860.70** | **72.14%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 40.29 | 3.38 % |
| Амортизација на опремата | 65.47 | 5.49 % |
| Амортизација на права и лиценци | 0.37 | 0.03 % |
| Кирии и други режиски трошоци | 32.65 | 2.74 % |
| Сите други неопфатени трошоци од работењето | 190.38 | 15.96 % |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,189.86** | **99.73%** |
| Расходи од други активности | 3.05 | 0.26% |
| Вонредни расходи | 0.13 | 0.01% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,193.04** | **100.00%** |

Сите телевизии потрошиле повеќе за плати отколку во претходната година, и тоа: Алфа 3,06 милиони денари, Алсат-М 10,67 милиони денари, Канал 5 – 5,28 милиони денари, Сител 6,28 милиони денари и Телма 9,41 милион денари повеќе.

Најмногу за плати во 2024 година идвоила Сител – 106,99 милиони денари. Оваа телевизија има и најмногу вработени - просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 152 лица. Просечниот број на вработени во сите телевизии заедно изнесувал 585 лица, три лица помалку отколку во 2023 година. Зголемување на бројот на вработени имало само кај Сител, и тоа за пет лица.

Слика 17: Трошоци за плати за вработените (во милиони денари) и просечен број на вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии на државно ниво во 2024 и 2023 година







Освен овие трошоци, позначаен износ на средства бил потрошен и за набавка на програма (361,45 милиони денари, односно 30,30 % од вкупните трошоци на телевизиите). И за оваа намена најмногу потрошила Сител – 187,62 милиони денари, што претставува повеќе од другите четири телевизии заедно.

Слика 18: Трошоци за набавка на програма на терестријалните телевизии на државно ниво во 2023 и 2024 година (во милиони денари)



На крајот од годината, телевизиите заедно оствариле добивка од 112,4 милиони денари.

Табела 12: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 39.33 | -8.85 | 11.17 | 0.41 | 10.96 | 4.88 |
| ТВ Алсат-М | 8.44 | 0.53 | 17.09 | 3.51 | 1.59 | 5.53 |
| ТВ Канал 5 | 1.5 | -12.11 | 0.16 | 0.18 | 0.19 | 2.81 |
| ТВ Сител | 28.45 | -21.89 | 16.35 | 4.86 | 4.99 | 98.76 |
| ТВ Телма | -21.91 | -17.47 | 7.4 | -24.11 | -25.54 | 0.42 |

Сите пет работеле со добивка, но најдобар финансиски резултат имала Сител – износ од 98,76 милиони денари. Добивката на оваа телевизија е речиси двојно повисока од заедничката добивка на сите други телевизии на пазарот (на државно, регионално и локално ниво) во 2024 година. Овој е најдобриот остварен финансиски резултат во овој сектор од телевизиската индустрија во последните шест години.

# ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС

Во анализираната година програма на државно ниво преку неограничен ресурс емитуваа шест телевизии, од кои две преку сателитски предавател (24 Вести и Наша ТВ) и четири преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (Компани 21-М, Шеќа, Клан и Сонце). Подолу се анализирани податоците за економското работење на пет од нив, поради тоа што Агенцијата не располага со податоци за работењето на телевизија Клан[21].

Заедничките вкупни приходи на петте телевизии на овој сегмент од телевизискиот пазар изнесувале 142,27 милиони денари. Речиси половина од овој износ (48,75 %) биле од емитување платено политичко рекламирање. Вкупните трошоци на овие пет телевизи изнесувале 181,21 милиони денари. Ова е единствен сегмент од индустријата каде што заедничкиот резултат од работењето е негативен (загубата изнесува 39,82 милиони денари).

Табела 13: Приходи, трошоци и резултат од работењето во 2024 година на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс (во милиони денари)

| | приходи | трошоци | резултат од работењето |
|---|---|---|---|
| 24 Вести | 50,66 | 78,41 | -27,74 |
| Наша ТВ | 13,01 | 12,59 | 0,30 |
| Компани 21-М | 56,40 | 56,34 | 0,05 |
| Шеќа | 22,02 | 14,59 | 6,67 |
| Сонце | 0,18 | 19,28 | -19,10 |
| вкупно | 142,27 | 181,21 | -39,82 |

Во споредба со претходната година, вкупните приходи на овие пет телевизии се повисоки за 58,75 %, но ова зголемување е исклучиво резултат на приходите од платеното политичко рекламирање (69,36 милиони денари). Ако се исклучат приходите од платеното политичко рекламирање, вкупните приходи се всушност пониски за 18,65 %.

[21] Постапката за одземање на дозволата на оваа телевизија беше покрената во периодот кога се прибираа податоците од радиодифузерите. Одлуката за одземање на дозволата на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ (УП 1 бр. 08-133 од 17.4.2025 година) е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-телевизиско-емитување-на-ТРД-КЛАН-МАЦЕДОНИА-Скопје.pdf (пристапено на 11.7.2025 година). Вкупните приходи на оваа телевизија во 2023 година изнесуваа 2,81 милиони денари, во 2022 година 4,56 милиони денари, во 2021 година 20,25 милиони денари, во 2020 година 12,54 милиони денари, а во 2019 година 10,26 милиони денари.

Слика 19: Движење на вкупните приходи на петте телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




75 % од заедничките приходи на овие пет телевизии се приходите на 24 Вести и Компани 21-М. Овие две телевизии во секоја од последните шест години прикажувале забележително повисоки приходи отколку другите телевизии.

Табела 14: Вкупни приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Стапка на раст |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 Вести | 66.87 | 66.35 | 54.01 | 38.36 | 33.84 | 50.66 | 49.70% |
| Наша ТВ | 6.44 | 9.35 | 5.05 | 7.62 | 7.06 | 13.01 | 84.28% |
| Компани 21-М | 32.20 | 40.01 | 63.16 | 49.00 | 36.53 | 56.40 | 54.39% |
| Шеења | 13.63 | 10.78 | 14.44 | 7.59 | 12.07 | 22.02 | 82.44% |
| Сонце | 0.39 | 1.88 | 0.22 | 0.15 | 0.12 | 0.18 | 50.00% |
| вкупно | 119.53 | 128.37 | 136.88 | 102.72 | 89.62 | 142.27 | |

Приходите од продажбата на времето за рекламирање изнесувале 135,90 милиони денари, што претставува 95,52 % од вкупните приходи на овие пет телевии. Во овој износ се пресметани приходите од комерцијалното рекламирање во износ од 66,54 милиони денари и приходите од платеното политичко рекламирање за време на парламентарните и претседателските избори, во вкупен износ од 69,36 милиони денари.

Најмногу приходи од комерцијалното огласување прикажала 24 Вести – 30,13 милиони денари, што е 45,28 % од рекламниот колач на овој релевантен пазар.

Слика 20: Приходи од комерцијално рекламирање и приходи од платено политичко рекламирање на петте телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс (во милиони денари)




Највисоки приходи од платеното политичко рекламирање остварила Компани 21-М – 37,65 милиони денари.

Телевизиите Компани 21-М и Шења оствариле повисоки приходи од платеното политичко рекламирање, отколку од емитување комерцијални реклами во текот на целата година.

Слика 21: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)



Анализата на приходите од комерцијалното рекламирање покажува пад од 15 % во однос на претходната година. Повисоки приходи прикажале 24 Вести и Наша ТВ, а забележително намалување од 48 % има кај  приходите од реклами на Компани 21-М.

Заедничките трошоци на телевизиите изнесувале 181,21 милион денари, што е највисок износ во последните шест години. Сите телевизии потрошиле повеќе отколку во претходната 2023 година.

Највисоки трошоци во секоја од последните шест години прикажувале 24 Вести и Компани 21-М. Во анализираната година трошоците на 24 Вести изнесувале 78,41 милион денари, на Компани 21-М 56,34 милиони денари, на Сонце 19,28 милиони денари, на Шења 14,59 милиони денари, а најмалку средства потрошила Наша ТВ - 12,59 милиони денари.

Слика 22: Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




50 % од вкупните трошоци на овие пет телевизии биле за плати и други надоместоци за вработените - во апсолутен износ од 91,48 милиони денари, што е за 21,05 милиони денари помалку отколку во 2023 година.

Во 2024 година телевизиите потрошиле помалку отколку во претходната година и за набавка на програма. Од вкупно 10,76 милиони денари што биле потрошени за оваа намена, 4,57 милиони ги направила Компани 21-М, 2,05 милиони денари Сонце, 1,60 милиони денари 24 Вести, 1,37 милиони денари Шења и 1,17 милиони денари Наша ТВ.

Табела 15: Структура на вкупните трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс (во милиони денари)

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 2.53 | 1.40 % |
| Трошоци за набавка на програма | 10.76 | 5.94 % |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 2.20 | 1.21 % |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 85.00 | 46.91 % |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **100.49** | **55.45%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 6.48 | 3.58 % |
| Амортизација на опремата | 6.51 | 3.59 % |
| Амортизација на права и лиценци | 2.94 | 1.62 % |
| Кирии и други режиски трошоци | 4.25 | 2.35 % |
| Сите други неопфатени трошоци од работењето | 54.90 | 30.30 % |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **175.57** | 96.89 % |
| Расходи од други активности | 5.64 | 3.11 % |
| Вонредни расходи | 0.00 | 0.00 % |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **181.21** | **100.00 %** |

Најмногу за плати потрошила 24 Вести – 48,46 милиони денари, што е повеќе од другите четири телевизии заедно. Просечниот број вработени во редовен работен однос во оваа телевизија изнесувал 87 лица. Другите телевизии потрошиле значително помалку за оваа намена.

Слика 23: Просечен број вработени и трошоци за плати и други надоместоци за вработените (во милиони денари) во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс



Три телевизии работеле со добивка (Наша, Компани 21-М и Шења), а две годината ја завршиле со загуба (24 Вести и Сонце). Заедничкиот финансиски резултат и оваа година бил загуба во износ од 39,82 милиони денари.

Табела 16: Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 Вести | -8.54 | -1.55 | -4.94 | -20.87 | -35.98 | -27.74 |
| Наша ТВ | -0.12 | -5.8 | -2.08 | -1.1 | -4.45 | 0.3 |
| Компани 21-М | -31.74 | -18.9 | 7.4 | 0.15 | -14.74 | 0.05 |
| Шења | 1.61 | -0.97 | 2.36 | -4.02 | 1.31 | 6.67 |
| Сонце | -15.38 | -11.75 | -12.05 | -14.02 | -15.99 | -19.1 |

Во секоја од последните шест години, 24 Вести и Сонце работеле со загуба, а Наша ТВ за првпат остварила добивка во 2024 година.

# ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

На почетокот на анализираната година програма емитуваа вкупно 15 регионални телевизии. Во јуни 2024 година Телевизија 3, која имаше дозвола да емитува програма на подрачјето на радиодифузниот регион Д7 – Стогово, ја извести Агенцијата дека престанува да ја врши дејноста, по што дозволата на оваа телевизија престана да важи по сила на закон. Во декември 2024 година Агенцијата ја одзеде дозволата за емитување на ТВ Канал Вис (која емитуваше програма во радиодифузниот регион Д4 – Боскија), поради што не располага со податоци за економското работење на оваа телевизија[22].

Слика 24: Број на регионални телевизии по радиодифузни региони




На крајот на годината, бројот на регионални телевизии изнесуваше 13.

[22] Дозволата на ТВ Канал Вис беше одземена поради неисполнување на минималните кадровски услови. Одлуката УП1 бр.08-331 од 26.12.2024 година е достапна на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-телевизиско-емитување-на-ТРД-ТВ-КАНАЛ-ВИС-ДООЕЛ-Струмица.pdf (пристапено на 14.7.2025). Во 2023 година вкните приходи на ТВ Канал Вис изнесувале 8,48 милиони денари, во 2022 година 5,20 милиони денари, во 2021 година 8,71 милион денари, во 2020 година 9,98 милиони денари, а во 2019 година 8,21 милион денари.

Откако во јуни 2024 година престана да важи дозволата на Телевизија 3, во два радиодифузни региони (Д2 – Страцин и Д7 – Стогово) нема ниту една регионална телевизија.

Очекувано, највисоки вкупни приходи биле остварени во Скопскиот Регион - 29,47 милиони денари. Овој регион има најголем пазарен потенцијал и од аспект на потенцијалната публика (бројот на население е 607.007 жители) и од аспект на потенцијалните огласувачи (бројот на активни деловни субјекти изнесува 28.531).

Табела 17: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по радиодифузни региони)

| радиодифузен регион | општини | население[23] | активни деловни субјекти[24] | број на ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| Д1 – Црн Врв Скопје | | 607.007 | 28.531 | 5 | 29,47 |
| Д1 – Црн Врв Велес | | 138.722 | 5.186 | 1 | 5,53 |
| Д2 - Страцин | | 152.982 | 4.190 | 0 | 0,00 |
| Д3 - Туртел | | 150.234 | 5.437 | 2 | 20,58 |
| Д4 - Боскија | | 148.387 | 5.461 | 1 | 4,16 |
| Д5 - Пелистер | | 260.211 | 8.988 | 1 | 19,22 |
| Д6 - Мали Влај | | 108.486 | 5.005 | 1 | 8,18 |
| Д7 - Стогово | | 24.174 | 732 | 0 | 0,00 |
| Д8 - Попова Шапка | | 246.510 | 8.651 | 2 | 15,51 |

На прв поглед, анализата на податоците за економското работење на овие 13 регионални телевизии покажува подобрување - вкупните приходи што тие заеднички ги оствариле во 2024 година се повеќе од двојно (за 106,75 %) зголемени во однос на претходната година, а остварен е и позитивен финансиски резултат (добивка во износ од 5,19 милиони денари).

[23] Податоците се достапни на веб-страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__Naselenie__VozrastiPol/T1020P21.px/table/tableViewLayout2/

[24] Последните достапни податоци се за 2023 година, Државен завод за статистика, достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/425_Delovni_Reg_Ops_NACE_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Реалната состојба е сосема поинаква, поради тоа што зголемувањето се должи исклучиво на приходите од платеното политичко рекламирање (во вкупен износ од 59,58 милиони денари). Самиот факт што овие приходи, кои се, пред сѐ, непостојани и се јавуваат само во изборни години, претставуваат повеќе од половина (58,04 %) од вкупните приходи на регионалните телевизии, укажува на силната зависност на приходите на регионалните телевизии од платеното политичко рекламирање.

Слика 25: Движење на вкупните приходи на 13-те регионални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Реалната слика на состојбите на пазарот може да се согледа само преку анализа на вкупните приходи без приходите од платеното политичко рекламирање, односно редовните приходи, кои ги опфаќаат приходите од комерцијалното рекламирање, спонзорствата, продажбата на содржини и друго.

Анализата на овие приходи потврдува дека не постои ни финансиска стабилност ни одржлив раст на овој сегмент од телевизискиот пазар. Во 2024 година регионалните телевизии оствариле помалку приходи отколку во претходните три години. Во споредба со 2023 година, приходите се пониски за 13,25 %.

Слика 26: Структура на вкупните приходи на регионалните телевизии во 2024 година




Приходите од комерцијалното рекламирање учествуваат со 28 % во вкупните приходи на овие 13 телевизии, а 14 % биле од други видови приходи (спонзорство, продажба на содржини, донации и грантови, отпис на обврски и друго).

Слика 27: Приходи од комерцијално рекламирање на регионалните телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Приходите од комерцијалното рекламирање, кои се основен и најзначаен извор на приходи на телевизиите воопшто, па и на регионалните телевизии (во 2023 година 53,58 % од вкупните приходи на регионалните телевизии биле од рекламирање) бележат намалување во однос на претходната година.

Иако се бележи благ раст од 2020 година наваму, што е очекувано поради остриот пад предизвикан од пандемијата и релативната стабилизација по кризата, сè уште не е достигнато нивото од пред пандемијата, што укажува дека станува збор за пазар со ограничен потенцијал за раст. Доколку покрај номиналните вредности на приходите се земе предвид и инфлацијата во периодот од 2019 година наваму, јасно е дека состојбата е уште потешка, односно средствата со кои располагале регионалните телевизии во 2024 година имаат помала реална вредност отколку што истите тие износи би ја имале во 2019 година.

Дека регионалните телевизии повеќе години наназад се соочуваат со сериозни економски предизвици и дека е потребно да се воведат мерки за поддршка што ќе придонесат за обезбедување одржливо економско опкружување и развој на пазарот, Агенцијата укажа и во студијата што ја изработи во мај 2025 година „Регионални и локални радиодифузери: оправданост и можности за воведување мерки за поддршка“[25], во која посочи и кои мерки ќе придонесат за подобрување на состојбата.

Табела 18: Поединечни вкупни приходи на регионалните телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)

| регион | ТВ | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д1 Скопје | ТВ Едо | 2.88 | 3.97 | 2.99 | 2.90 | 2.87 | 4.37 |
| | ТВ Ера | 10.37 | 10.54 | 12.08 | 8.40 | 9.69 | 12.15 |
| | ТВ МТМ | 4.95 | 6.08 | 6.85 | 4.91 | 3.89 | 5.77 |
| | ТВ Шутел | 3.41 | 4.26 | 3.25 | 0.31 | 0.04 | 4.88 |
| | ТВ Вистел | / | / | / | / | 0.00 | 2.30 |
| Д1 Велес | ТВ КТВ | 3.76 | 2.08 | 4.13 | 2.69 | 2.93 | 5.53 |
| Д3 Туртел | ТВ Стар | 8.06 | 8.36 | 10.35 | 9.88 | 7.33 | 15.82 |
| | ТВ М Нет-ХД | / | 0.32 | 2.56 | 1.46 | 1.38 | 4.76 |
| Д4 Боскија | ТВ Кобра | 2.58 | 1.77 | 1.75 | 1.17 | 1.40 | 4.16 |
| Д5 Пелистер | ТВ Тера | 11.57 | 9.58 | 15.20 | 8.74 | 10.44 | 19.22 |
| Д6 Мали Влај | ТВ М | 6.84 | 5.01 | 8.45 | 2.59 | 4.65 | 8.18 |
| Д8 Попова шапка | ТВ Коха | 7.79 | 8.38 | 12.84 | 8.05 | 4.02 | 14.37 |
| | ТВ Топестрада | 1.01 | 2.53 | 1.22 | 0.08 | 1.01 | 1.14 |

Сите регионални телевизии емитувале платено политичко рекламирање и сите оствариле повисоки приходи отколку во 2023 година.

Анализирано поединечно, највисоки приходи оствариле Тера (19,22 милиони денари, од кои 11,4 милиони денари од ППР), Стар (15,82 милиони денари, од кои 7,54 милиони денари од ППР) и Коха (14,37 милиони денари, од кои 11,64 милиони денари од ППР).

[25] АВМУ, „Регионални и локални радиодифузери: оправданост и можности за воведување мерки за поддршка“, достапно на: Анализа за утврдување на оправданоста за даночни олеснувања за регионалните и локалните радиодифузери, пристапено на 21.7.2025 година

Највисоки приходи од  комерцијално рекламирање прикажале Ера (8,71 милион денари) и Стар (7,98 милиони денари).

Слика 28: Структура на приходите на секоја регионална телевизија во 2024 година (во милиони денари)




Вкупните трошоци што ги направиле регионалните телевизии изнесуваат 95,82 милиони денари. Најмногу средства во 2024 година потрошила Стар (14,11 милиони денари), а најмалку Топестрада (1,00 милион денари).

Табела 19: Вкупни трошоци на регионалните телевизии (по региони и по телевизии) во 2024 година (во милиони денари)

| телевизија | регион | вкупни трошоци (по региони) | вкупни трошоци (по телевизии) |
|---|---|---|---|
| ТВ Едо | Д1 -Скопје | 40.20 | 4.17 |
| ТВ Ера | | | 11.90 |
| ТВ МТМ | | | 8.55 |
| ТВ Шутел | | | 2.71 |
| Вистел | | | 12.87 |
| ТВ КТВ | Д1 Велес | 4.20 | 4.20 |
| ТВ Стар | Д3 | 17.6 | 14.11 |
| ТВ М Нет-ХД Штип | | | 3.49 |
| ТВ Кобра | Д4 | 3.27 | 3.27 |
| ТВ Тера | Д5 | 14.02 | 14.02 |
| ТВ М | Д6 | 5.94 | 5.94 |
| ТВ Коха | Д8 | 10.59 | 9.59 |
| ТВ Топестрада | | | 1.00 |

54,86 % од вкупните трошоци биле за плати и други надоместоци за вработените. Повеќе од половина од овие трошоци ги направиле заедно три телевизии – Стар (10,85 милиони денари), Вистел (8,82 милиони денари) и Тера (8,77 милиони денари).

Трошоците за набавка на содржини имаат незначително учество од само 2,58 % во вкупните трошоци.

Табела 20: Структура на вкупните трошоци на регионалните телевизии (во милиони денари)

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 6.99 | 7.29% |
| Трошоци за набавка на програма | 2.47 | 2.58% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 4.11 | 4.29% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 41.64 | 43.46% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **55.20** | **57.61%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 10.92 | 11.40% |
| Амортизација на опремата | 5.50 | 5.74% |
| Амортизација на права и лиценци | 1.25 | 1.30% |
| Кирии и други режиски трошоци | 8.09 | 8.44% |
| Сите други неопфатени трошоци од работењето | 10.20 | 10.64% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **91.16** | **95.14%** |
| Расходи од други активности | 0.64 | 0.67% |
| Вонредни расходи | 4.02 | 4.19% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **95.82** | **100.00%** |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 82 лица[26], три лица повеќе од претходната година. Најмногу вработени имало во ТВ Ера (16 лица).

Слика 29: Просечен број на вработени во редовен работен однос во регионалните телевизии во 2024 година




Во 2024 година телевизиите заедно оствариле добивка од 5,19 милиони денари. Ова е вторпат, во последните шест години, регионалните телевизии да работат со добивка (тие оствариле добивка и во 2021 година - 5,82 милиони денари).

Само две телевизии во анализираната година имале загуба – МТМ (2,78 милиони денари) и Вистел (10,58 милиони денари). Најдобар финансиски резултат прикажала Тера – добивка од 4,68 милиони денари, а нешто помалку успеала да оствари и Коха – 4,30 милиони денари.

Слика 30: Финансиски резултат од работењето на регионалните телевизии во 2024 година (во милиони денари)




[26] Во завршната сметка на ТВ Шутел нема податок за просечниот број на вработени во оваа телевизија во 2024 година

# ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Програма на локално ниво во текот на цела 2024 година емитуваа 13 телевизии[27].

Од вкупно 22 локални продрачја утврдени со „Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси“[28], локални телевизии има во само осум.

Табела 21: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по локални подрачја)

| Локално подрачје | Население[29] | Активни деловни субјекти[30] | број на ТВ | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|
| ЛП - Куманово, Липково и Старо Нагоричане | 123,913 | 3.358 | 3 (Феста, Плус, Њуз) | 17,38 |
| ЛП - Гостивар, Боговиње и Врапчиште | 102,518 | 3.445 | 2 (Дуе, ГТВ) | 11,00 |
| ЛП - Кочани, Виница, Чешиново-Облешево и Зрновци | 53,634 | 1.952 | 1 (ТВ К) | 4,07 |
| ЛП - Струга и Вевчани | 53,339 | 2.327 | 2 (Калтрина, Спектра) | 4,96 |
| ЛП - Кичево, Македонски Брод и Пласница | 49,780 | 1.564 | 2 (Гурра, Ускана медиа) | 3,25 |
| ЛП - Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше | 24,174 | 732 | 1 (Дибра) | 1,31 |
| ЛП - Кратово и Пробиштип | 20,962 | 611 | 1 (Протел) | 2,59 |
| ЛП - Свети Николе и Лозово | 17,584 | 773 | 1 (Свет) | 1,31 |

Пазарниот потенцијал на локалните подрачја за емитување телевизиска пограма забележително се разликува, и од аспект на потенцијалната публика (бројот на население) и од аспект на потенцијалните огласувачи (активните деловни субјекти).

Анализата на податоците за економското работење на локалните телевизии во 2024 година ги потврдува претходните сознанија дека тие се економски слаби и непрофитабилни и дека приходите што ги остваруваат се силно зависни од платеното политичко рекламирање.

[27] Заклучно со септември 2024 година, програма емитуваше и ТВ Канал 8 од Кочани, но истиот месец оваа телевизија ја извести Агенцијата дека ќе престане да ја врши дејноста на 30.9.2024 година, по што дозволата престана да важи по сила на закон.
[28] АВМУ, „Правилник за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси“, достапно на: pravilnik_za_podracja_na_emituvanje.pdf, пристапено на 24.7.2025 година
[29] Податоците се достапни на веб-страниата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__Naselenie__VozrastiPol/T1020P21.px/table/tableViewLayout2/
[30] Последните достапни податоци се за 2023 година, Државен завод за статистика, достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/425_Delovni_Reg_Ops_NACE_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Заедничките приходи на овие 13 локални телевизии во 2024 година изнесувале 45,87 милиони денари, од кои 34,15 милиони денари биле од платеното политичко рекламирање за време на парламентарните и претседателските избори.

Слика 31: Движење на вкупните приходи на 13-те локални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Во споредба со претходната година, тие располагале со значително повеќе средства, но само како резулат на приходите од платеното политичко рекламирање. Без нив, приходите на локалните телевизии се за 17,93 % пониски отколку во 2023 година.

Слика 32: Вкупни приходи на локални телевизии во2024 година (во милиони денари)



Највисоки приходи оствариле телевизиите Плус (7,48 милиони денари) и Феста (6,90 милиони денари), што е очекувано со оглед на тоа дека двете телевизии емитуваат во подрачјето со најголем пазарен потенцијал – локалното подрачје што ги опфаќа општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане.

Табела 22: Поединечни вкупни приходи на локалните телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)

| ТВ | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 1.52 | 1.44 | 1.81 | 0.13 | 1.79 | 6.90 |
| ТВ К | 1.20 | 1.37 | 1.38 | 0.84 | 1.05 | 4.07 |
| ТВ Протел | 1.32 | 1.14 | 1.74 | 0.85 | 1.58 | 2.59 |
| ТВ Свет | 0.89 | 0.83 | 0.92 | 0.73 | 0.89 | 1.31 |
| ТВ Калтрина | 2.22 | 1.03 | 3.85 | 0.16 | 0.17 | 2.59 |
| ТВ Спектра | 0.65 | 1.12 | 1.78 | 0.08 | 0.12 | 2.37 |
| ТВ Дибра | 0.62 | 1.09 | 0.91 | 0.18 | 0.48 | 1.31 |
| ТВ Гурра | 2.29 | 1.83 | 0.99 | 0.43 | 1.05 | 0.47 |
| ТВ Дуе | 1.57 | 2.49 | 6.22 | 0.91 | 0.45 | 5.14 |
| Г-ТВ | 2.73 | 2.37 | 6.73 | 2.52 | 1.68 | 5.86 |
| ТВ Плус | 5.08 | 4.89 | 6.82 | 2.3 | 4.28 | 7.48 |
| ТВ Ускана медиа | 2.45 | 1.74 | 3.21 | 0.44 | 0.38 | 2.78 |
| ТВ Њуз | / | / | / | 0.00 | 0.36 | 3.00 |

Само телевизија Гурра од Кичево не емитувала платено политичко рекламирање. Другите 12 локални телевизии како резултат на емитуваното политичко рекламирање оствариле повисоки вкупни приходи отколку во 2023 година.

Слика 33: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на 13-те локални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)



Приходите што од комерцијалното рекламирање ги остварувале овие 13 локални телевизии се на исклучително ниско ниво во секоја од последните шест години и очигледно е дека не само што не може да овозможат стабилно финансирање и инвестирање во квалитетни содржини туку во прашање е доведена и самата одржливост на овие медиуми.

Слика 34: Поединечни приходи од комерцијално рекламирање на локалните телевизии во 2024 година (во милиони денари)




Најмногу приходи од комерцијално рекламирање оствариле ТВ К (2,34 милиони денари) и ТВ Плус (2,04 милиони денари).

13-те локални телевизии заедно потрошиле 33,06 милиони денари, односно 85 % повеќе од претходната година, но и најмногу во последните шест години.

Слика 35: Движење на вкупните трошоци на 13-те локални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)



Сите телевизии имале повисоки трошоци во однос на 2023 година. Најмногу средства потрошила Плус (6,02 милиони денари), а најмалку Дибра (0,91 милион денари).

Слика 36: Вкупни трошоци на локалните телевизии во 2024 година (во милиони денари)




Најголемо учество во структурата на трошоците имале средствата за плати на вработените (59 %).

Табела 23: Структура на вкупните трошоци на локалните телевизии (во милиони денари)

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 4.05 | 12.25 % |
| Трошоци за набавка на програма | 0.56 | 1.69 % |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 3.01 | 9.10 % |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 16.15 | 48.85 % |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **23.76** | **71.87 %** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 3.34 | 10.10 % |
| Амортизација на опремата | 1.22 | 3.69 % |
| Амортизација на права и лиценци | 0.17 | 0.51 % |
| Кирии и други режиски трошоци | 0.65 | 1.97 % |
| Сите други неопфатени трошоци од работењето | 3.43 | 10.38 % |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **32.56** | **98.49 %** |
| Расходи од други активности | 0.50 | 1.51 % |
| Вонредни расходи | 0.00 | 0.00 % |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **33.06** | **100.00 %** |

.

Најмногу за плати потрошила Плус од Куманово (4,12 милиони денари), а двојно помали трошоци за оваа намена имале Феста (2,18 милиони денари) и Калтрина (2,03 милиони денари).

Табела 24: Плати за вработените (во милиони денари) и просечен број на вработени во локалните телевизии

| телевизија | плати за вработени | просечен број на вработени во рро |
|---|---|---|
| ТВ Феста | 2.18 | 4 |
| ТВ К | 1.84 | 3 |
| ТВ Протел | 1.64 | 3 |
| ТВ Свет | 0.70 | 2 |
| ТВ Калтрина | 2.03 | 3 |
| ТВ Спектра | 0.57 | 4 |
| ТВ Дибра | 0.81 | 2 |
| ТВ Гурра | 0.68 | 3 |
| ТВ Дуе | 1.62 | 4 |
| Г-ТВ | 1.62 | 4 |
| ТВ Плус | 4.12 | 4 |
| ТВ Ускана медиа | 0.54 | 3 |
| ТВ Њуз | 1.13 | 4 |

Финансискиот резултат од работењето на локалните телевизии бил добивка во износ од 12,19 милиони денари.

Слика 37: Финансиски резултат на локалните телевизии (во милиони денари)




Најголема добивка успеала да оствари Феста (3,48 милиони денари). Со загуба работеле три телевизии – Свет, Калтрина и Гурра.

# РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Четирите радиостаници што емитуваат програма на државно ниво (Антена 5, Канал 77, Метрополис и Јон) во 2024 година оствариле вкупни приходи во износ од 112,46 милиони денари, а направиле трошоци во висина од 96,18 милиони денари. Финансискиот резултат од работењето на овој сегмент од радиоиндустријата бил добивка во износ од 14,53 милиони денари.

Табела 25: Приходи, трошоци и резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во 2024 година (во милиони денари)

| | приходи | трошоци | резултат од работењето |
|---|---|---|---|
| Антена 5 | 38.95 | 30.15 | 7.69 |
| Канал 77 | 54.33 | 46.40 | 7.43 |
| Метрополис | 11.63 | 10.18 | 1.31 |
| Јон | 7.55 | 9.45 | -1.90 |
| вкупно | 112.46 | 96.18 | 14.53 |

Во периодот од последните шест години заедничките приходи на овие четири радиостаници во континуитет се зголемувале, а најмногу пораснале во 2024 година, и тоа за 30 % во однос на претходната година (без приходите од платеното политичко рекламирање зголемувањето изнесува 15,43 %).

Слика 38: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)



Највисоки приходи во 2024 година остварила Канал 77 - износ од 54,33 милиони денари[31]. Приходите на Антена 5 во 2024 година изнесувале 38,95 милиони денари, на Метрополис 11,63 милиони денари и на Јон 7,55 милиони денари.

Слика 39: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Најголемо учество во структурата на приходите (74,54 %) имале приходите од продажба на времето за рекламирање. По овој основ радиостаниците заедно оствариле 83,83 милиони денари, од кои 71,22 милиони денари од комерцијалното рекламирање и 12,61 милион денари од платеното политичко рекламирање.

Најголем дел од рекламниот колач (50 %) остварила Антена 5, чии приходи од реклами во анализираната година изнесувале 35,85 милиони денари.

Приходите од комерцијално рекламирање на Канал 77 изнесувале 30,93 милиони денари, што претставува 44 % од вкупните приходи од рекламирање.

Другите две радиостаници оствариле забележително пониски приходи од комерцијално рекламирање, и тоа Јон 3,79 милиони денари, а Метрополис 0,65 милиони денари.

Слика 40: Удели во приходите од комерцијално рекламирање на радиостаниците на државно ниво

[31] Според податоците за структурата на приходите, 19,46 милиони од вкупните приходи на оваа радиостаница биле остварени од други дејности. Вакви приходи пријавиле и други радиостаници, но со значително помали износи – Метрополис 0,2 милиони денари и Антена 5 само 269 денари.




По очекуваниот пад во 2020 година (поради кризата предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид-19), заедничките приходи од комерцијалното рекламирање на овие четири радиостаници, од 2021 година наваму од година в година се зголемувале.

Во 2024 година повеќе приходи од комерцијално емитување оствариле Антена 5 (за 21 %), Канал 77 (за 15 %) и Јон (за 9 %). Само радиостаницата Метрополис прикажала помалку приходи отколку во претходната година, и тоа за 88 %.

Слика 41: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)



Приходите од платеното политичко рекламирање на овие четири радиостаници изнесувале 12,61 милиони денари, од кои 3,94 милиони прикажала Канал 77, 3,76 милиони денари Јон, 2,94 милиони денари Антена 5 и 1,97 милиони денари Метрополис.

Четирите радиостаници заедно потрошиле 96,18 милиони денари, што е највисок износ во периодот од 2019 година наваму. Сите четири радиостаници потрошиле повеќе средства отколку во 2023 година.

Слика 42: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Највисоки трошоци прикажале радиостаниците Канал 77 (46,40 милиони денари) и Антена 5 (30,15 милиони денари). Метрополис потрошила вкупно 10,18 милиони денари, а Јон 9,45 милиони денари.

Најголем дел од трошоците биле за плати и други надоместоци за вработените.

Слика 43: Трошоци за плати и други надоместоци за вработените (во милиони денари) и просечен број вработени во редовен работен однос



За оваа намена Антена 5 потрошила 8,47 милиони денари, Канал 77 – 12,76 милиони денари, Метрополис 3,98 милиони денари и Јон 2,71 милион денари. Просечниот број вработени кај Антена 5 во 2024 година изнесувал 14 лица, кај Канал 77 – 21 лице, кај Метроплис 10 лица и кај Јон 12 лица.

Табела 26: Структура на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво (во милиони денари)

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 11.80 | 12.27% |
| Трошоци за набавка на програма | 3.82 | 3.98% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 17.58 | 18.28% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 25.80 | 26.82% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **59.00** | **61.35%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 2.12 | 2.20% |
| Амортизација на опремата | 9.95 | 10.34% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 | 0.00% |
| Кирии и други режиски трошоци | 5.20 | 5.41% |
| Сите други неопфатени трошоци од работењето | 19.12 | 19.87% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **95.39** | **99.17%** |
| Расходи од други активности | 0.79 | 0.82% |
| Вонредни расходи | 0.00 | 0.00% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **96.18** | **100.00%** |

Во анализираната година само радиостаницата Јон работела со загуба, и тоа во висина од 1,90 милиони денари. Антена 5 остварила добивка од 7,69 милиони денари, Канал 77 добивка од 7,43 милиони денари и Метрополис добивка од 1,31 милион денари. Добивката на Канал 77 била двојно повисока од сите добивки заедно коишто радиостаницата ги остварувала во периодот од 2019 до 2023 година.

Слика 44: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)



# РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во 2024 година програма на регионално ниво емитуваа вкупно 14 комерцијални радиостаници и една непрофитна радиостаница – Студентско радио Студент ФМ[32].

Комерцијалните радиостаници оствариле вкупни приходи во износ од 85,03 милиони денари, од кои 13,87 милиони денари биле од платено политичко рекламирање. Заедничките трошоци на овие радиостаници изнесувале 77,46 милиони денари, а финансискиот резултат од нивното работење бил добивка во висина од 6,08 милиони денари.

Вкупните приходи што во 2024 година ги оствариле регионалните радиостаници се највисоки во периодот од 2019 година наваму. Во споредба со претходната година зголемувањето изнесува 53,76 %, а ако се одземат приходите од платеното политичко рекламирање изнесува 28,68 %. Сите радиостаници оствариле повеќе приходи отколку во 2023 година.

Слика 45: Движење на вкупните приходи на 14-те регионални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Забележливи се значителни разлики во висината на поединечните приходи на радиостаниците. Само три радиостаници (Буба Мара, Спортско радио 90,3ФМ и Скај)

[32] Во декември 2024 година оваа радиостаница ја извести Агенцијата дека престанува да емитува програма, по што дозволата престана да важи по сила на закон. Решението со кое Студент ФМ беше избришано од регистарот на радиодифузери е достапно на следниот линк: Решение-за-бришење-од-регистарот-на-радиодифузери-на-Универзитет-„Св.Кирил-и-Методиј-Скопје-Универзитетско-радио-Студент-ФМ-92.9.pdf

прикажале 51 % од вкупните приходи. Во секоја од последните шест години Буба Мара и Спортско радио 90,3 ФМ остварувале највисоки приходи во однос на другите радиостаници, а радиостаницата РФМ прикажувала незначителни приходи.

Табела 27: Вкупни приходи на регионалните радиостаници во последните пет години (во милиони денари)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Буба Мара | 7.79 | 13.35 | 10.41 | 14.7 | 15.86 | 24.17 |
| РА Спортско 90,3 ФМ | 8.17 | 7.00 | 8.56 | 9.23 | 9.17 | 10.21 |
| РА Скај | 2.08 | 2.83 | 4.17 | 5.06 | 5.85 | 8.98 |
| РА Сити | 4.48 | 6.18 | 5.66 | 5.3 | 5.07 | 7.76 |
| РА Фортуна | 4.82 | 5.27 | 5.73 | 6.02 | 5.49 | 7.67 |
| РА Џез ФМ | 0.64 | 2.21 | 0.71 | 0.58 | 1.05 | 5.72 |
| РА Ват | 4.56 | 4.63 | 5.13 | 4.44 | 4.09 | 5.04 |
| РА Клуб ФМ | 2.46 | 2.85 | 2.33 | 2.44 | 3.2 | 5.02 |
| РА Лајф ФМ | 3.67 | 4.69 | 2.67 | 2.82 | 2.98 | 4.01 |
| РА Урбан ФМ | 1.75 | 1.97 | 1.97 | 1,20 | 0.74 | 1.90 |
| РА Зона М-1 | 0.76 | 1.27 | 1.85 | 0.79 | 0.89 | 1.87 |
| РА Роса АБ | 1.63 | 2.01 | 1.6 | 0.95 | 0.28 | 1.84 |
| РА 99 | 0.45 | 0.84 | 1.47 | 1.43 | 0.4 | 0.59 |
| РА РФМ | 0.07 | 0.18 | 0.34 | 0.42 | 0.23 | 0.24 |

Најголем дел од вкупните приходи биле остварени од комерцијално рекламирање (69,4 %, односно вкупно 59,01 милион денари). Во споредба со претходната година, овие приходи се за 25,69 % повисоки.

Табела 28: Приходи од комерцијално рекламирање на регионалните радиостаници во 2024 година (во милиони денари)

| | Приходи од реклами | | Приходи од реклами |
|---|---|---|---|
| Буба Мара | 10.94 | Лајф ФМ | 3.58 |
| Спортско радио 90,3 ФМ | 8.15 | Клуб ФМ | 3.47 |
| Скај | 7.22 | Урбан | 1.90 |
| Џез ФМ | 5.69 | Зона М-1 | 1.14 |
| Сити | 5.42 | Роса АБ | 0.52 |
| Фортуна | 5.30 | 99 | 0.45 |
| Ват | 5.04 | РФМ | 0.20 |

54 % од приходите од комерцијалното рекламирање ги оствариле само четири радиостаници: Буба Мара (10,94 милиони денари), Спортско радио 90,3 ФМ (8,15 милиони денари), Скај (7,22 милиони денари) и Џез ФМ (5,69 милиони денари).

Слика 46: Учество во приходите од комерцијално рекламирање на регионалните радиостаници




Платено политичко рекламирање за време на претседателските и парламентарните избори не емитувале само четири регионални радиостаници (Ват, Урбан, РФМ и Џез ФМ). Учесниците во овие изборни процеси најголем дел од средствата за рекламирање издвоиле за рекламирање на Буба Мара (2,55 милиони денари), Сити (2,34 милиони денари) и Фортуна (1,91 милион денари).

Слика 47: Движење на вкупните трошоци на 14-те регионални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Вкупните трошоци на регионалните радиостаници во 2024 година изнесувале 77,46 милиони денари, што е значително повисок износ отколку во секоја од претходните пет години. Во споредба со 2023 година, вкупните трошоци се зголемени за 44,27 %.

Табела 29: Структура на вкупните трошоци на регионалните радиостаници (во милиони денари)

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 5.83 | 7.52 % |
| Трошоци за набавка на програма | 3.56 | 4.60 % |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 3.42 | 4.41 % |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 42.79 | 55.24 % |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **55.59** | **71.77%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 2.41 | 3.11 % |
| Амортизација на опремата | 2.65 | 3.42 % |
| Амортизација на права и лиценци | 0.09 | 0.12 % |
| Кирии и други режиски трошоци | 5.24 | 6.76 % |
| Сите други неопфатени трошоци од работењето | 10.44 | 13.48 % |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **76.42** | **98.66 %** |
| Расходи од други активности | 0.47 | 0.60 % |
| Вонредни расходи | 0.57 | 0.74 % |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **77.46** | **100.00 %** |

Иако сите 14 радиостаници потрошиле повеќе средства отколку во претходната година, зголемувањето на заедничките трошоци во најголема мера се должи на повисоките трошоци што во анализираната година ги направиле две радиостаници - Буба Мара, која ги зголемила трошоците за 5,7 милиони денари, и Џез ФМ за 5,17 милиони денари. Според структурата на трошоците, зголемувањето се должи на повисокиот износ на трошоците за плати и други надоместоци за вработените кои се директно вклучени во процесот на производство на програма (во 2024 година овие трошоци се за 17,77 милиони денари повисоки отколку во 2023 година).

Просечниот број вработени во редовен работен однос кај овие 14 радиостаници изнесувал 60 лица.

Заедничкиот финансиски резултат од работењето бил добивка од 6,08 милиони денари. Најголема добивка успеала да оствари Буба Мара (5,40 милиони денари), што е највисока добивка остварена од страна на регионална радиостаница во периодот од 2019 до 2024 година. Освен Буба Мара, добивка на крајот од 2024 година оствариле уште осум регионални радија (Ват, Клуб ФМ, Лајф, Сити, Скај, Спортско радио 90,3 ФМ, Фортуна и Џез ФМ).

Слика 48: Просечен број вработени во регионалните радиостаници во редовен работен однос во 2024 година




Само радиостаниците Буба Мара, Клуб ФМ, Сити, Скај и Спортското радио 90,3 ФМ оствариле позитивен финансиски резултат од работењето во секоја од последните шест години.

Табела 30: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РА 99 | -0.22 | 0.3 | 1.06 | 0.55 | -0.38 | -1.24 |
| РА Буба Мара | 0.64 | 1.77 | 0.93 | 0.88 | 3.05 | 5.40 |
| РА Ват | -1.13 | 0.88 | 0.01 | 0.01 | 0.16 | 0.27 |
| РА Зона М-1 | -0.11 | 0.38 | 0.72 | -0.28 | -0.46 | -0.35 |
| РА Урбан | -0.42 | -1.04 | -0.05 | -1 | -2.48 | -3.24 |
| РА Клуб ФМ | 0.02 | 0.52 | 0.48 | 0.06 | 0.13 | 0.73 |
| РА Лајф ФМ | 0.01 | -0.1 | -1.45 | -0.88 | -0.4 | 0.16 |
| РА Роса АБ | 0.00 | -0.26 | -0.35 | -0.89 | -1.00 | -0.41 |
| РА РФМ | -1.29 | -0.38 | 0.02 | 0.12 | -0.28 | -0.56 |
| РА Сити | 0.12 | 0.39 | 0.47 | 0.4 | 0.76 | 1.98 |
| РА Скај | 0.19 | 0.01 | 1.16 | 1.17 | 1.65 | 3.11 |
| РА Спортско радио 90,3 ФМ | 0.45 | 0.01 | 0.00 | 0.03 | 0.01 | 0.11 |
| РА Фортуна | -0.15 | -0.03 | 0.52 | -0.78 | -0.29 | 0.09 |
| РА Цез ФМ | -0.12 | 1.43 | 0.13 | -0.05 | 0.53 | 0.03 |
| **Вкупно** | **-2.01** | **3.88** | **3.65** | **-0.66** | **1.00** | **6.08** |

# РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

На почетокот на 2024 година програма на локално ниво емитуваа вкупно 43 локални радиостаници, од кои 40 комерцијални и три непрофитни. Во текот на годината престанаа да важат дозволите на следните седум комерцијални радиостаници: Зора од Делчево и Чоки од Прилеп (во јануари), Ускана Плус од Кичево (во март), Балкан ФМ од Гостивар (во јули), Про-ФМ од Гостивар (во август) и Б-97 од Битола и Ррапи од Струга (во декември). На крајот на годината бројот на локални радиостаници изнесуваше 36, од кои 33 комерцијални и три непрофитни радиостаници. Во анализата се опфатени податоците за економското работење на 35 од нив, поради тоа што во април 2025 година престана да важи дозволата на Универзитетското радио УГД ФМ - непрофитна радиостаница наменета за студентите на подрачјето на општина Штип[33].

Вкупните приходи на овие 35 локални радиостаници изнесувале 48,78 милиони денари, а вкупните трошоци 50,83 милиони денари. Остварен е позитивен резултат од работењето во висина од 1,15 милиони денари.

Слика 49: Движење на вкупните приходи на 35-те локални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Во 2024 година овие радиостаници заеднички оствариле највисоки приходи во периодот од последните шест години. Приходите се за 21,80% повисоки од оние во претходната година,

[33] Радиодифузерот сам се откажа од вршење на дејноста. Решението за бришење на оваа радиостаница од регистарот на радиодифузери е достапно на следниот линк: Решение-за-бришење-од-регистарот-на-радиодифузери-за-Непрофитна-радиодифузна-установа-Универзитетско-радио-УГД-Штип.pdf

што се должи на приходите од платеното политичко рекламирање во висина од 6,56 милиони денари. Без нив, вкупните приходи се зголемени за 5 %.

Табела 31: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи на локалните комерцијални радиостаници (според локално подрачје)

| Локално подрачје | население | активни деловни субјекти | број на РА | Вкупни приходи (во милиони денари) |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | 98.104 | 3.061 | 2 (Бум, Јехона) | 3.74 |
| Битола | 85.164 | 3.557 | 1 (106) | 1.49 |
| Тетово | 84.770 | 3.898 | 5 (Блета, Кисс, Плус Форте, РА 7, Ред ФМ) | 8.05 |
| Прилеп | 69.025 | 2.582 | 2 (Мефф, Холидеј) | 3.2 |
| Гостивар | 59.770 | 2.547 | 1 (Комета) | 1.24 |
| Охрид | 51.428 | 2.571 | 1 (Супер) | 2.73 |
| Струга | 50.980 | 2.232 | 1 (Плеј) | 1.16 |
| Струмица | 49.995 | 2.271 | 2 (Експрес, Хит) | 3.67 |
| Велес | 48.463 | 1.700 | 2 (Голди, Мерак 5 ФМ) | 1.35 |
| Штип | 44.866 | 1.794 | 1 (Енџелс) | 1.88 |
| Кичево | 39.669 | 1.384 | 3 (Александар Македонски, Акорд, Медисон) | 0.8 |
| Кавадарци | 35.733 | 1.645 | 2 (Галакси, Кавадарци) | 5.6 |
| Кочани | 31.602 | 1.299 | 1 (Кочани ФМ) | 2.0 |
| Гевгелија | 21.582 | 1.129 | 1 (Тајм) | 1.72 |
| Свети Николе | 15.320 | 730 | 2 (Модеа, Свети Николе) | 1.36 |
| Неготино | 18.194 | 715 | 1 (Пулс) | 1.11 |
| Виница | 14.475 | 486 | 1 (Ла Коста) | 0.81 |
| Пробиштип | 13.417 | 424 | 1 (Еко) | 0.46 |
| Валандово | 10.508 | 312 | 1 (РА Валандово) | 0.69 |
| Ново Село | 6.972 | 177 | 1 (Импулс) | 0.43 |
| Кривогаштани | 5.167 | 111 | 1 (Пела) | 2.79 |

Најмногу локални радиостаници (вкупно пет) емитуваат програма на подрачјето на Тетово. Ова подрачје има најголем пазарен потенцијал од аспект на потенцијалните огласувачи (бројот на активни деловни субјекти изнесува 3.898), а вкупните приходи остварени во ова локално подрачје се повеќе пати повисоки отколку приходите во другите локални подрачја.

Во Кичево програма емитуваат три радиостаници, во Куманово, Прилеп, Струмица, Велес, Кавадарци и Свети Николе по две радиостаници, а во другите 13 локални подрачја програма емитува по една радиостаница.

Табела 32: Поединечни вкупни приходи на комерцијалните локални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)

| радиостаница | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РА 106, Битола | 1.29 | 1.16 | 1.37 | 1.25 | 1.33 | 1.49 |
| РА Валандово | 0.41 | 0.39 | 0.41 | 0.45 | 0.38 | 0.69 |
| РА Голди, Велес | 0.88 | 0.45 | 0.47 | 0.68 | 0.78 | 0.67 |
| РА Мерак 5 ФМ, Велес | 0.44 | 0.63 | 0.66 | 0.34 | 0.30 | 0.68 |
| РА Ла Коста, Виница | 0.34 | 0.32 | 0.45 | 0.24 | 0.52 | 0.81 |
| РА Комета, Гостивар | 0.53 | 0.40 | 0.53 | 0.67 | 0.80 | 1.24 |
| РА Тајм, Гевгелија | 1.66 | 1.30 | 1.75 | 1.51 | 1.51 | 1.72 |
| РА Галакси-2002, Кавадарци | 0.94 | 1.02 | 1.37 | 0.91 | 1.20 | 1.34 |
| РА Кавадарци | 3.56 | 3.29 | 5.33 | 5.07 | 2.90 | 4.26 |
| РА Александар Македонски, Кичево | 0.11 | 0.11 | 0.09 | 0.11 | 0.13 | 0.41 |
| РА Акорд, Кичево | 0.31 | 0.27 | 0.20 | 0.24 | 0.21 | 0.30 |
| РА Медисон, Кичево | 0.23 | 0.24 | 0.17 | 0.14 | 0.16 | 0.09 |
| РА Кочани ФМ | 1.25 | 1.32 | 1.25 | 1.13 | 1.53 | 2.00 |
| РА Бум, Куманово | 2.07 | 1.62 | 1.52 | 1.57 | 1.92 | 2.69 |
| РА Јехона, Куманово | 0.30 | 0.40 | 0.36 | 0.45 | 0.55 | 1.05 |
| РА Пулс, Неготино | 0.96 | 0.94 | 1.09 | 1.01 | 1.04 | 1.11 |
| РА Супер, Охрид | 3.93 | 2.58 | 2.26 | 2.05 | 1.93 | 2.73 |
| РА Мефф, Прилеп | 1.01 | 0.83 | 1.02 | 1.08 | 1.08 | 1.17 |
| РА Холидеј, Прилеп | 1.43 | 1.61 | 1.99 | 1.73 | 1.83 | 2.03 |
| РА Пела, Кривогаштани | 1.16 | 1.17 | 1.08 | 0.98 | 1.01 | 2.79 |
| РА Еко, Пробиштип | 0.38 | 0.38 | 0.37 | 0.18 | 0.44 | 0.46 |
| РА Модеа, Свети Николе | 0.41 | 0.29 | 0.40 | 0.40 | 0.59 | 0.62 |
| РА Свети Николе | 0.93 | 0.75 | 1.41 | 1.41 | 0.81 | 0.74 |
| РА Плеј, Струга | 1.01 | 1.20 | 1.45 | 1.23 | 1.24 | 1.16 |
| РА Експрес, Струмица | 1.86 | 1.96 | 2.40 | 2.22 | 2.52 | 2.75 |
| РА Хит, Струмица | 1.44 | 1.07 | 1.71 | 1.25 | 1.36 | 0.92 |
| РА Блета, Тетово | 1.12 | 1.34 | 1.61 | 0.96 | 1.53 | 1.86 |
| РА Кисс, Тетово | 0.91 | 0.74 | 0.71 | 0.75 | 0.89 | 1.84 |
| РА Плус Форте, Тетово | 0.40 | 0.51 | 0.67 | 0.64 | 1.64 | 1.49 |
| РА 7, Тетово | 0.67 | 0.92 | 1.99 | 1.46 | 2.42 | 1.91 |
| РА Ред ФМ, Тетово | 0.34 | 0.28 | 0.44 | 0.25 | 0.49 | 0.95 |
| РА Енџелс ФМ, Штип | 1.56 | 1.65 | 2.05 | 1.77 | 2.00 | 1.88 |
| РА Импулс, Ново Село | - | - | 0.05 | 0.03 | 0.07 | 0.43 |

Највисоки вкупни приходи прикажала РА Кавадарци (4,26 милиони денари). Вкупни приходи помеѓу два и три милиони денари прикажале шест радиостаници (Радио Бум од Куманово, Супер радио од Охрид, Холидеј од Прилеп, Радио Кочани, Пела од Кривогаштани и Експрес од Струмица). 13 локални радиостаници прикажале вкупни приходи меѓу еден и два милиони денари, а приходите на 13 локални радија биле под еден милиони денари.

Приходите што од комерцијалното рекламирање ги оствариле локалните радиостаници изнесувале 30,68 милиони денари, што е за 3,16 % помалку отколку во 2023 година. Највисоки приходи од реклами прикажале РА Кавадарци (2,50 милиони денари) и РА Експрес од Струмица (2,24 милиони денари).

Слика 50: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на локалните радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари)




Вкупните трошоци на локалните радија изнесувале 50,83 милиони денари. Највисоки вкупни трошоци прикажала РА Кавадарци (3,79 милиони денари).

Табела 33: Структура на трошоците на локалните радиостаници (во милиони денари)

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 6.69 | 13.16% |
| Трошоци за набавка на програма | 0.39 | 0.77% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 3.93 | 7.73% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 28.46 | 55.99% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **39.47** | **77.65%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 1.17 | 2.30% |
| Амортизација на опремата | 1.09 | 2.15% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.02 | 0.05% |
| Кирии и други режиски трошоци | 1.04 | 2.05% |
| Сите други неопфатени трошоци од работењето | 7.89 | 15.52% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **50.69** | **99.72%** |
| Расходи од други активности | 0.06 | 0.12% |
| Вонредни расходи | 0.08 | 0.16% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **50.83** | **100.00%** |

Повеќе од половината (58 %) од трошоците биле за плати и други надоместоци за вработените (вкупно 29,63 милиони денари). Највисок износ за овој вид трошок прикажала радиостаницата РА Енџелс од Штип (2,01 милион денари).

Заедничкиот финансиски резултат на локалните радиостаници изнесувал добивка од 1,15 милиони денари. Добивка оствариле 27 радија, и тоа вкупен износ во висина од 3,16 милиони денари.

Табела 34: Просечен број вработени во редовен работен однос во локалните радиостаници

| Број на вработени во рро | Локална радиостаница |
|---|---|
| 4 лица | РА Супер, РА Експрес, РА Енџелс |
| 3 лица | РА 106, РА Тајм, РА Кочани ФМ, РА Кисс, РА УКЛО, РА Марија Благовест |
| 2 лица | РА Комета, РА Галакси-2002, РА Кавадарци, РА Бум, РА Јехона, РА Мефф, РА Холидеј, РА Пела, РА Плеј, РА Блета, РА Плус Форте, РА 7, РА Ред ФМ |
| 1 лице | РА Валандово, РА Голди, РА Мерак 5 ФМ, РА Ла Коста, РА Александар Македонски, РА Акорд, РА Медисон, РА Пулс, РА Еко, РА Модеа, РА Свети Николе, РА Хит, РА Импулс |

Просечниот број вработени во редовен работен однос кај локалните радиостаници изнесувал 69 лица.

## ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Клучни трендови ... 5
Табела 2: Број на комерцијални телевизии ... 9
Табела 3: Број на комерцијални и непрофитни радиостаници ... 10
Табела 4: Број на телевизии на 01.01 ... 10
Табела 5: Број на радиостаници на 01.01 ... 11
Табела 6: Стапка на раст на вкупните приходи на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година ... 12
Табела 7: Структура на вкупните приходи на МРТ во 2024 година ... 14
Табела 8: Планирани и направени трошоци на МРТ во 2024 година ... 16
Табела 9: Приходи, трошоци и резултат од работењето во 2024 година на терестријалните телевизии на државно ниво ... 18
Табела 10: Вкупни приходи од реклами во последните шест години ... 23
Табела 11: Структура на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво ... 24
Табела 12: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година ... 26
Табела 13: Приходи, трошоци и резултат од работењето во 2024 година на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ... 27
Табела 14: Вкупни приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година ... 28
Табела 15: Структура на вкупните трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ... 31
Табела 16: Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година ... 32
Табела 17: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи ... 34
Табела 18: Поединечни вкупни приходи на регионалните телевизии во периодот од 2019 до 2024 година ... 37
Табела 19: Вкупни трошоци на регионалните телевизии (по региони и по телевизии) во 2024 година ... 39
Табела 20: Структура на вкупните трошоци на регионалните телевизии ... 39
Табела 21: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по локални подрачја) ... 41
Табела 22: Поединечни вкупни приходи на локалните телевизии во периодот од 2019 до 2024 година ... 43
Табела 23: Структура на вкупните трошоци на локалните телевизии ... 45
Табела 24: Плати за вработените и просечен број вработени во локалните телевизии ... 46
Табела 25: Приходи, трошоци и резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во 2024 година ... 47
Табела 26: Структура на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво ... 51
Табела 27: Вкупни приходи на регионалните радиостаници во последните пет години ... 53
Табела 28: Приходи од комерцијално рекламирање на регионалните радиостаници во 2024 година ... 53
Табела 29: Структура на вкупните трошоци на регионалните радиостаници ... 55
Табела 30: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година ... 56
Табела 31: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи на локалните комерцијални радиостаници (според локално подрачје) ... 58
Табела 32: Поединечни вкупни приходи на комерцијалните локални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година ... 58
Табела 33: Структура на трошоците на локалните радиостаници ... 60
Табела 34: Просечен број вработени во редовен работен однос во локалните радиостаници ... 61

## ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ

Слика 1: Движење на вкупните приходи на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 12
Слика 2: Вкупни приходи на јавните радиодифузни сервиси во 2024 година (во милиони евра) ..... 14
Слика 3: Приходи од рекламирање на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 15
Слика 4: Движење на вкупните трошоци на МРТ во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 16
Слика 5: Просечен број вработени во МРТ во последните шест години ..... 17
Слика 6: Движење на заедничките вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 18
Слика 7: Вкупни приходи на петте терестријални телевизии на државно ниво во 2024 година (во милиони денари) ..... 19
Слика 8: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 19
Слика 9: Движење на вкупните приходи од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 20
Слика 10: Приходи од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во последните шест години (во милиони денари) ..... 21
Слика 11: Учество во приходите од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во 2024 година ..... 21
Слика 12: Приходи од комерцијално рекламирање ..... 22
Слика 13: Удел во вкупната гледаност ..... 22
Слика 14: Приходи од ППР ..... 23
Слика 15: Емитувано ППР во секунди ..... 23
Слика 16: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 24
Слика 17: Трошоци за плати за вработените (во милиони денари) и просечен број вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии на државно ниво во 2024 и 2023 година ..... 25
Слика 18: Трошоци за набавка на програма на терестријалните телевизии на државно ниво во 2023 и 2024 година (во милиони денари) ..... 25
Слика 19: Движење на вкупните приходи на петте телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 28
Слика 20: Приходи од комерцијално рекламирање и приходи од платено политичко рекламирање на петте телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс (во милиони денари) ..... 29
Слика 21: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 29
Слика 22: Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 30
Слика 23: Просечен број вработени и трошоци за плати и други надоместоци за вработените (во милиони денари) во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ..... 31
Слика 24: Број на регионални телевизии по радиодифузни региони ..... 33
Слика 25: Движење на вкупните приходи на 13-те регионални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 35
Слика 26: Структура на вкупните приходи на регионалните телевизии во 2024 година ..... 36
Слика 27: Приходи од комерцијално рекламирање на регионалните телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ..... 36

Слика 28: Структура на приходите на секоја регионална телевизија во 2024 година (во милиони денари) ........ 38
Слика 29: Просечен број вработени во редовен работен однос во регионалните телевизии во 2024 година ........ 40
Слика 30: Финансиски резултат од работењето на регионалните телевизии во 2024 година (во милиони денари) ........ 40
Слика 31: Движење на вкупните приходи на 13те локални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 42
Слика 32: Вкупни приходи на локални телевизии во2024 година (во милиони денари) ........ 42
Слика 33: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на 13-те локални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 43
Слика 34: Поединечни приходи од комерцијално рекламирање на локалните телевизии во 2024 година (во милиони денари) ........ 44
Слика 35: Движење на вкупните трошоци на 13-те локални телевизии во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 44
Слика 36: Вкупни трошоци на локалните телевизии во 2024 година (во милиони денари) ........ 45
Слика 37: Финансиски резултат на локалните телевизии (во милиони денари) ........ 46
Слика 38: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 47
Слика 39: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 48
Слика 40: Удели во приходите од комерцијално рекламирање на радиостаниците на државно ниво ........ 48
Слика 41: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 49
Слика 42: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 50
Слика 43: Трошоци за плати и други надоместоци за вработените (во милиони денари) и просечен број вработени во редовен работен однос ........ 50
Слика 44: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 51
Слика 45: Движење на вкупните приходи на 14-те регионални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 52
Слика 46: Учество во приходите од комерцијално рекламирање на регионалните радиостаници ........ 54
Слика 47: Движење на вкупните трошоци на 14-те регионални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 54
Слика 48: Просечен број вработени во регионалните радиостаници во редовен работен однос во 2024 година ........ 56
Слика 49: Движење на вкупните приходи на 35-те локални радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 57
Слика 50: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на локалните радиостаници во периодот од 2019 до 2024 година (во милиони денари) ........ 60